

**Коцевски:** Дали власта сака вештачки да создаде меѓуетнички проблеми во општина Гази Баба, прашува пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, Зоран Коцевски. Според него целта е да се создаде вештачка криза од страна на СДСМ и ДУИ и се оди со уцени кон градоначалникот на општина и кон Иницијативниот одбор на родителите.

Тој во интервју за „Република“ објаснува со каков проблем се соочува општината во делот на образованието.

**Во 2019 година тогашниот министер за образование Адеми даде ветување дека ќе се изгради ново училиште и таму наставата ќе ја посетуваат децата Албанци од прво до деветто одделение. Но не е ставена ни цигла но донесоа одлука на Влада во која велат дека општина Гази Баба треба да постапи и да најде парцела. Парцелата се најде, се прати до Министерството за образование и до транспорт но**

**одговор нема. Затоа велам се создава една вештачка криза од страна на криминалците на ДУИ и СДСМ со многу закани и уцени и ултиматуми за да попуштат граѓаните и да учениците од шесто до деветто одделение, кои сега имаат специјален превоз кој плаќа општина Гази Баба и одат во училиштето во Огњаци. Но, да не заборавиме учениците Македонци од Раштак со јавен градски превоз одат на училиште во Булачани и учениците Македонци од Брњарци одат со јавен превоз во училиштето Крсте Петков Мисирков.**

Коцевски предупредува дека е даден ултиматум до градоначалникот и до Иницијативниот одбор дека доколку не им се дозволи да учат ученици Албанци дека ќе му се одземат ингеренциите во делот на образованието.

**Со овие верувам и тоа дека е можно. Но кај нас во последно време ка нас е еден за сите, сите за еден. Нема назад, јас и како пратеник стојам зад овие родители како и зад одлуките на градоначалникот Стефковски кој ги спроведува законите а имаше и закани по неговиот живот. Од страна на заменикот во МВР Нухију има и закани за затвор за градоначалникот од шест месеци до пет години што е уцена и закана - објаснува Коцевски.**